**ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО**

**МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје**

# С Т А Т У Т

## на Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје

**- пречистен текст -**

**Скопје, 2020 година**

Врз основа на член 81 од Статутот на друштвото како и член 383 од Закон за трговските друштва, Одборот на директори врз основа на Одлука за измена и дополнување на Статутот на друштвото донесена од Собранието на акционери на седница одржана на ден 30.06.2020 година, на ден 30.06.2020 година го утврди пречистениот текст на:

# СТАТУТ

## на Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Статутот содржи одредби со кои се уредуваат следните прашања:

1. Основни одредби;
2. Фирма и седиште на осигурителното брокерско друштво;
3. Времетраење на осигурителното брокерско друштво;
4. Предмет на работење на осигурителното брокерско друштво;
5. Висина на почетниот акционерски капитал;
6. Номиналниот износ на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, права, обврски, ограничувања и погодности кои произлегуваат од акциите;
7. Начин на стекнување и престанок на правата на акционерите на друштвото;
8. Постапка за свикување и одржување на Собранието на осигурителното брокерско друштво;
9. Управување со осигурителното брокерско друштво;
10. Застапување и претставување на осигурителното брокерско друштво;
11. Вид, состав, број, начин и услови за избор, мандат, права, должности, одговорности и начин на работење на органите на друштвото,
12. Број, мандат, права, одговорности и услови за именување на лицата со посебни права и одговорности во друштвото;
13. Начин на решавање на судирот на интереси и заштита на доверливоста на податоците на друштвото;
14. Форма и начин на објавување на податоците од страна на осигурителното брокерско друштво;
15. Постапка за донесување и измени на Статутот,
16. Услови и случаи на престанување со работа на осигурителното брокерско друштво;
17. Завршни работи.

**Член 2**

Осигурителното брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје е правно лице – акционерско друштво и може да презема обврски во правниот промет, да стекнува сопственост и други стварни права, да склучува правни работи, да презема процесни дејствија и да учествува во други постапки.

**Член 3**

Осигурителното брокерско друштво за своите обврски спрема доверителите одговара со сиот свој имот.

Акционерите не одговараат за обврските на осигурителното брокерско друштво.

## II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО БРОКЕРСКО ДРУШТВО

**Член 4**

Осигурителното брокерско друштво ќе работи под целосниот назив:

- Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје,

Скратен назив на осигурителното брокерско друштво ќе гласи

- МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје

**Член 5**

Седиштето на Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје наоѓа на:

- - ул.БУЛ. КОЧО РАЦИН БР.20/4, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР.

**Член 6**

Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје има своја жиро-сметка и свој знак (лого).

**Член 7**

Осигурително брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје има свој печат и штембил.

Печатот на друштвото има тркалезна форма, а содржината на печатот ја означува фирмата или скратениот назив на фирмата и седиштето.

Штембилот на друштвото има правоаголна форма, а содржината на печатот ја означува фирмата или скратениот назив на фирмата и седиштето.

**Член 8**

Печатот и штембилот на друштвото се употребуваат при писмената комуникација со трети лица и за други потреби кога тоа е предвидено во Статутот.

Бројот на печатите и штембилите, како и начинот на нивната употреба, чувањето, ракувањето и слично се регулира со Одлука на органот на управување.

Осигурителното брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје ќе работи под заштитена трговска марка, согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 9**

Називот и седиштето на друштвото, како и знакот – логото на друштвото може да биде променето.

Одлуката за промена на називот, седиштето и знакот – логото на друштвото ја донесува Собранието на друштвото.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 10**

Осигурителното брокерско друштво МАК ТРЕНД БРОКЕР АД Скопје се основа и ќе работи неопределено време, се додека не се исполнат условите за престанок на друштвото согласно Закон и Статут.

## IV. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 11**

Предмет на работење на друштвото се осигурително брокерски работи.

Основна дејност на друштвото ќе биде:

- 66.22 - дејности на застапување во осигурување и осигурителни посредници.

Основната дејност друштвото ќе ја врши преку осигурителни брокери кои поседуваат соодветна лиценца за осигурителен брокер.

**Член 12**

Друштвото може да го прошири или промени предметот на работењето и основната дејност.

За промената на предметот на работењето или основната дејност на друштвото одлучува Собранието.

**Член 13**

Друштвото за да ја врши основната дејност може да основа подружници и канцеларии на територијата на Република Македонија.

Одлуката за отварање на подружници и канцеларии на територијата на Република Македонија ја донесува Собранието на друштвото.

## V. ВИСИНА НА ПОЧЕТНИОТ АКЦИНЕРСКИ КАПИТАЛ

**Член 14**

Номиналниот износ на основната главнина на друштвото изнесува 50.000,00 евра во денаркса противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија, објавен на денот на уплатата на средствата

## VI. НОМИНАЛЕН ИЗНОС НА АКЦИИТЕ, БРОЈ НА АКЦИИ ОД СЕКОЈА РОД И КЛАСА, ПРАВА, ОБВРСКИ, ОГРАНИЧУВАЊА И ПОГОДНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АКЦИИТЕ

**Член 15**

Основната главнина на друштвото е поделена на акции.

Акцијата е хартија од вредност во којашто е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото.

Номиналниот износ на 1 (една) акција на друштвото изнесува 100 (сто) евра во денарска противвредност.

**Член 16**

Основната главнина на друштвото е поделена на 500 ( петстотини) обични акции со номинална вредност од 100,00 (сто) Евра.

**Член 17**

Обичните акции на сопственикот му даваат:

1. Право на глас во Собранието на друштвото;
2. Право на исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

**Член 18**

Секоја акција на сопственикот му дава право на 1 (еден) глас во Собранието на друштвото.

**Член 19**

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен депозитар за хартии од вредност), во согласност со закон.

Акциите се запишуваат во книга на акции на друштвото (во натамошниот текст: акционерска книга) којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма, со означување на името и презимето на акционерот, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако акционерот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако акционерот е правно лице и други информации.

Во акционерската книга се запишуваат и податоците што се определени во одлуката за издавање на акциите, сите оптоварувања на акциите определени со закон и со статут и забраните изречени со одлука на судот.

Секој акционер има право, на негово барање, да му се овозможи увид во сите податоци запишани во акционерската книга на друштвото во коешто е акционер. Увидот го овозможува Централниот депозитар за хартии од вредност. На акционерот кој бара итен увид во акционерската книга, мора да му се овозможи увид во рок не подолг од еден работен ден од денот на бараниот увид поднесен во писмена форма. Во другите случаи, акционерот кој бара увид во акционерската книга го најавува денот на кој има намера да изврши увид. Податоците од увидот можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот.

Секој акционер има право да добие фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото во коешто е акционер, по претходно барање доставено до Централниот депозитар за хартии од вредност. Направената фотокопија и податоците од фотокопијата можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот.

**Член 20**

Одлука за издавање акции донесува собранието на друштвото со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Секоја акција мора да има номинален износ на којшто гласи акцијата.

Акциите издадени под нивниот номинален износ се ништовни. За штетата што ќе произлезе од издавањето акции под нивниот номинален износ, издавачите одговараат солидарно.

Акциите можат да се издаваат над номиналниот износ (емисиски износ).

**Член 21**

Друштвото може, со измена на статутот, да изврши поделба на акциите и истовре-мено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

Друштвото може, со измена на статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

**Член 22**

Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или на статутот, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите.

Учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите.

## VII. НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ПРАВАТА НА АКЦИОНЕРИТЕ ВО ДРУШТВОТО

**Член 23**

,,Акционер" е сопственик на една или на повеќе акции кој не одговара за обврските на друштвото.

Лице се стекнува со својство на акционер на друштвото по уписот на книгата на акции на друштвото при Центрталниот депозитар за хартии од вредност.

Правата од акциите кои ги има акционерот согласно Закон и Статут, престануваат доколку настанат измени кои ќе доведат до бришење на акционерот од книгата на акции на друштвото.

**Член 24**

Трошоците за основање на друштвото направени од страна на основачите – акционери во постапката за основање им се враќаат од сметката на друштвото на основачите – акционери.

Износот нс трошоците од став 1 од овој член се утврдува согласно изготвената Пресметка на трошоци за основање на друштвото со искажани поединечни ставки и вкупни трошоци за секој оснивач – акционер.

## VIII. ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 25**

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието на друштвото (во понатамошниот текст собрание).

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас.

Членовите на органот на управување и на надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

**Член 26**

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото.

Овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава во писмена форма и заверено на нотар.

Полномошно може да се даде само за една седница на собранието на друштвото.

**Член 27**

Собранието особено одлучува за:

1) измена на статутот;
2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;
4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;
5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
7) издавање акции и други хартии од вредност;

8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;
9) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и
10) престанување на друштвото.

**Член 28**

Годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

На годишното собрание:

1) се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
2) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и
3) се одобрува работата на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор.

Ако органот на управување не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на одборот на директорите.

**Член 29**

Собрание на друштвото може да се свика во времето меѓу две годишни собранија, кога тоа го бараат интересите на друштвото.

Органот на управување, надзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.

Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикувањето на собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото.

Органот на управување, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас органот на управување, односно надзорниот одбор не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

**Член 30**

Собранието на друштвото работи на седници.

Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

Поканата, односно јавниот повик за свикување собрание ги содржи следниве податоци:

1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) местото и датумот на одржување на собранието;
3) условите за присуството на собранието и за начинот на гласање;

4) дневниот ред според кој ќе работи собранието и
5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието кое што е свикано.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржување на собранието неможе да биде пократок од 30 (триесет) дена до денот на одржување на собранието.

**Член 31**

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучува-ње точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано, согласно законот.

**Член 32**

Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието.

Пред почетокот на одржувањето на собранието, органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.

Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.

**Член 33**

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

**Член 34**

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

По прашањата утврдени во членот 25 став 1 точките 1, 5, 6, 7, 9 и 10, одлуките собранието ги донесува со 2/3 (двотретинско) мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието.

Начинот на гласање го определува претседавачот со собранието.

Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

**Член 35**

Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.

Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.

За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со собранието не може да биде избран член на орган на управување или член на надзорен одбор.

**Член 36**

За работата на собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;
3) името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;
4) дневниот ред на собранието;
5) бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;
6) расправата водена на собранието;
7) значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;
8) одлуките, бројот на гласови „за" и „против" и бројот на воздржаните гласови и
9) оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, односно на надзорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

Собранието избира записничар и двајца заверувачи на записникот.

За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор, ниту претседавачот со собранието.

Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од овој закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието.

**Член 37**

Правата и обврските на собранието на друштвото ќе ги врши единствениот акционер – основач со донесување на соодветни одлуки по прашањата кои се предмет на одлучување.

**Член 38**

Ништовност и побивање на одлука донесена од собранието на друштвото може да се бара во соглсност со одредбите од Законот за трговски друштва.

## IX. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

**Член 39**

**(избришан)**

**Член 40**

Управувањето на друштвото ќе биде организирано според едностепениот систем на управување. Со измени на статутот може едностепениот систем на управување да биде заменет со двостепен.

**Член 41**

Орган на управување на друштвото е одборот на директори.

Одборот на директори ќе брои 5 (пет) членови и тоа 1 (еден) извршен член, а 4(четири) неизвршни членови на одборот.

Членовите на одборот на директори ги избира собранието со одлука која се носи со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

**Член 42**

За членови на органот на управување – одборот на директори можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни.

**Член 43**

Одборот на директори од редот на неизвршните членови, со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира претседател на одборот на директори.

Работата на одборот на директори се уредува со Деловник за работа, кој го донесува основачите – акционери.

**Член 44**

Мандатот на членовите на одборот на директори трае 4 години, со право на повторен избор, без ограничување на бројот на мандатите.

**Член 45**

Основачите – акционерите со одлука го определуваат месечниот паушал или паушалот по одржан состанок на неизвршните членови на одборот на директори.

Неизвршните членови на одборот на директори имаат право на надомест на другите трошоци (патни и други трошоци), право на животно осигурување или друг вид на осигурување, како и други права поврзани со вршењето на нивната функција (користење на простории, потребни средства за работи и слично).

Извршниот член на одборот на директори има право на месечна плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и друг вид осигурување, надомест на патни и други трошоци и други права согласно закон.

Акционерите со одлука на членовите на одборот на директори може да им одобри учество во добивката. Учеството се состои во учество во дел од годишната добивката на друштвото и се исплатува во пари, акции, бонуси или на друг начин.

**Член 46**

Со друштвото управува одборот на директори.

Одборот на директори управува со друштвото во рамките на овластувањата определени со закон и со статут, како и овластувањата кои ми се изречно дадени од собранието.

Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето со друштвото, во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори.

**Член 47**

Во рамките на своите овластувања одборот на директори ги врши особено следните работи:

- донесува годишен план и програма за работа;
- донесува општи акти освен оние кои се во надлежност на собранието;
- подготвува предлог акти кои се во надлежност за донесување од страна на собранието;
- ги извршува насоките и налозите на собранието;
- изготвува месечни, тромесечни и годишни извештаи за работата на друштвото;

- редовно го известува собранието за работењето на друштвото;
- се грижи за уредна и навремена изработка на годишната завршна сметка на друштвото;
- донесува одлука за овластување на потписници на жиросметката на друштвото по претходна согласност и одобрение од страна на собранието;
- одлучува во втор степен по приговорите на по приговорите на одлуките донесени од овластен работиник или тело од собранието;
- на предлог на собранието врши избор на членови во органи и тела на друштвото;
- ги разгледува и дава мислење на актите на собранието со кои се уредуваат правата и обврските на работниците;
- врши и други работи кои ќе произлезат од тековното работење на друштвото или по барање на собранието.

Одборот на директори своите надлежности ги врши на деловни состаноци.

Одборот на директори се состанува по потреба, но најмалку четири пати во текот на годината, односно задолжително еднаш во текот на три месеци.

**Член 48**

Одборот на директори определени овластувања од својата надлежност може да ги пренесе на извршните членови.

Овластувања кои се во исклучива надлежност на одборот на директори и истите не може да ги пренесе на извршните членови на одборот на директори се следните:

- затворање (престанок) или пренос на претпријатието или негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
- намалува или проширување на предметот на работење на друштвото;
- суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
- воспоставување на долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;
- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на друштвото и
- основање и престанување на подружници на друштвото.

**Член 49**

Извршните членови на одборот на директори се овластени да го водат работењто на друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат работите поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на друштвото.

**Член 50**

Неизвршните членови покрај овластувањата кои им се определени со закон во вршењето на правото на надзор над работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

Неизвршните членови за вршење на определени стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице – овластен ревизор.

**Член 51**

Неизвршните членови на одборот на директори во рамките на своите овластувања ги вршат особено следните работи:

- надзор и контрола врз работата на друштвото
- надзор и контрола врз употребата на материјалните средства на друштвото;
- ги разгледува и дава свое мислење за месечните, тромесечните и годишните извештаи, како и на завршната сметка за работата на друштвото;
- дава предлог за донесување на одлука за разпределба на добивката;
- подготвува извештаи за извршениот надзор и контрола за работењето на друштвото и органите на друштвото;
- укажува на извршниот член на друштвото за евентуални застои во извршувањето на планот и програмата за работата на друштвото, како и за евентуални грешки и недостатоци во работењето;
- вршат и други работи согласно закон и статут, како и по овластување од собранието.

**Член 52**

Членовите на одборот на директори своите работи должни се да ги вршат со внимание на уреден трговец и да ги чуваат деловните тајни за времето и по престанокот на мандатот во одборот.

Членовите на одборот на директори кои ќе извршат повреди на своите обврски, на друштвото му одговараат за причинетата штета како солидарни должници.

**Член 53**

Доколку од било кои причини бројот на членовите на одборот на директори се намали под бројот определен со закон, собранието мора да назначи нови членови на одборот на директори.

**Член 54**

Членовите на одборот на директори без одобрение на одборот на директори и собранието не смеат:

- за своја и туѓа сметка да вршат работи кои спаѓаат во предметот на работењето на друштвото;
- да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење;
- да бидат член на орган на управување во друго друштво кое има ист или сличен предмет на работа и
- во просториите на друштвото да врши работи за своја или туѓа сметка.

**Член 55**

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во којашто друштвото е странка и во којашто член на органот на управување, односно на надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според членовите 457, 459 и 460 од Законот затрговски друштва.

Секој член на органот на управување, на друштвото кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа на собранието.

**Член 56**

Извршниот член на одборот на директори редовно, а најмалку 1 месечно му поднесува извештај на одборот на директори , за своето работење, а по истекот на деловната година поднесува годишна сметка за финансиско-материјалното работење на друштвото.

**Член 57**

Одборот на директори одлучува на деловни состаноци.

Одборот на директори може полноправни да одлучува ако се присутни најмалку половина од членовите.

Одборот на директори одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Доколку бројот на гласовите е изедначен, одлучувачки е гласот на претседателот на одборот.

Одлуките на одборот на директори влегуваат во сила по согласноста добиена од страна на собранието.

**Член 58**

Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно било кој член на одборот и пред истекот на мандатот за кој е избран.

Извршниот член на одборот на директори може да биде отповикан од одборот на директори или од собранието, со или без соодветно образложение.

Членовите на одборот на директори кои се отповикани од функцијата пред истекот на мандатот за кој се избрани, може да бараат надомест на штета доколку така е определено со менаџерскиот договор.

**Член 59**

**(Избришан)**

**Член 60**

**(Избришан)**

**Член 61**

**(Избришан)**

**Член 62**

**(Избришан)**

## X. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 63**

Друштвото во односите со трети лица го застапува Извршниот член на одборот на директори (извршен директор).

Извршниот член на одборот на директори своите овластувања ќе ги врши во рамките на законот и статутот и по овластување на собранието.

**Член 64**

Извршниот член на одборот на директори во рамките на своите овластувања го раководи друштвото, ги спроведува одлуките на одборот на директори и собранието, како и други тековни активности на друштвото и дејствува во сите околности во името на друштвото.

Извршниот член на одборот на директори го организира и раководи целокупниот процес на работа во друштвото и е одговорен за законитоста во работењето.

**Член 65**

Извршниот член на одборот на директори постапува во рамките на своите овластувања пропишани од страна на одборот на директори и собранието, а особено ги врши следните работи:

- ја предлага и води деловната политика на друштвото;
- ги предлага планот и програмата за работа и презема мерки за нивно извршување по претходна согласност од собранието;
- предлага превземање на мерки за унапредување на работата и усовршување на процесот на работењето;
- ги извршува одлуките на одборот на директори и собранието;
- ја предлага организацијата на друштвото;
- поднесува месечни, тромесечни и годишни извештаи до одборот на директори и собранието;
- ги избира, распоредува, разрешува работниците и носителите на функции во органите и телата на друштвото по претходна согласност од собранието;
- ги определува работните обврски на вработените во друштвото и ја определува висината на надоместокот – платата по претходна согласност од собранието;
- одлучува за примен на нови вработени по претходна согласност од собранието;
- склучува договори од областа на работните односи по претходна согласност од собранието;
- врши и други работи определени со закон, статут и колективниот договот, како и други работи кои ќе му ги додели одборот на директори и собранието.

Во вршењето на своите работи и задачи извршниот член на одборот на директори донесува одлуки, наредби, решенија, упатства и други акти.

## XI. ИМОТ НА ДРУШТВОТО, УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ РЕЗУЛТАТИ, РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

**Член 66**

Имотот на друштвото го сочинуваат парични средства, подвижни и недвижни предмети.

Имотот и резултатите од работењето на друштвото се определуваат согласно законските прописи.

**Член 67**

Друштвото за своето работење води соодветни трговски книги од каде можат да се видат сите преземени трговски и правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите на друштвото.

**Член 68**

Друштвото најмалку еднаш годишно изготвува прецизен Извештај за спроведен попис на целиот имот (недвижности, опрема, резерви, нематеријални средства, парични средства и други средства и вредности) со наведување на вредноста на секој дел од имотот одделно.

Друштвото на крајот од календарската година подготвува Финансиски извештај и Извештај за работењето на друштвото.

**Член 69**

Доколку по завршувањето на деловната година, друштвото оствари добивка истата може да ја реинвестира или да ја распредели.

За употребата и намената на добивката на друштвото според Финансиските извештаи одлучува собранието.

Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено:

- износот на добивката за покривање на загубата од претходните години доколку таква загуба има;
- износите кои треба да се внесат во законските и статутарните резерви;
- износот кој треба да се подели како дивиденда;
- евентуалниот пренос на добивката за наредната година (акумулирана добивка);
- износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот на добивката за инвестиции;
- износот на добивката наменети за награди и бонуси на органите на управување на друштвото;
- дополнителни распределувања на добивката согласно одлуките на собранието.

**Член 70**

Друштвото мора да има општа задолжителнма резерва како општ резервен фонд кој се формира по пат на зафаќање од нето добивката. Висината на нето добивката која влегува во резервниот фонд ја определува собранието согласно законот.

Доколку општата резерва не го надмине со закон определениот најмал износ, истата може да се користи само за покривање на загубите.

Кога општата резерва ќе го надмине најмалиот номинален износ и по покривањето на загубите според Финансиските извештаи, со одлука на основачите – акционерите, остатокот може да се употреби за доделување на дивиденда.

**Член 71**

Друштвото може да има посебни резерви за покривање на определени загуби или за други намени, кои се издвоени од општиот имот. Со посебните резерви се управува одвоено, а сметките за нив се водат одвоено од другите сметки.

**Член 72**

По усвојувањето на годишниот Финансиски извештај и утврдувањето на постоење на добивка, собранието одлучува колкав дел од добивката ќе се распредели како дивиденда, според правата кои ги дава родот и класата на акциите.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од 9 месеци по завршувањето на деловната година.

**Член 73**

По завршувањето на деловната година одборот на директори е должен да подготви годишен Финансиски извештај за работењето на друштвото.

Одборот на директори е должен годишниот Финансиски изештај да го подготви најдоцна два месеца по истекот на деловната година, доколку рокот не биде продолжен од страна на есобранието .

На годишниот Финансиски извештај со одлука на собранието може да се изврши ревизија од овластен ревизор.

**Член 74**

Одборот на директори е должен одобрените и ревизирани Извештаи за финансиското работење на друштвото да ги достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар на Република Македонија, согласно законските рокови.

Одборот на директори е должен усвоената годишна сметка да ја достави до Централниот регистар во рокот определен со закон.

## XII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО, ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА, ИЗВЕСТУВАЊА ОД СТРАНА НА ДРУШТВОТО

**Член 75**

Органот на управување на друштвото ја планира работата на друштвото, со цел истот да остварува профит и да биде конкурентно на пазарот. Планирањето на работењето на друштвото се врши преку донесување на полугодишни или годишни програми и планови за работа со кои се утврдува разавојната стратегија на работењето на друштвото.

**Член 76**

Органот на управување на друштвото донесува акт на организација и систематизација на работата и одлуки за формирање на посебни делови (служби) во состав на друштвото.

Друштвото може согласно на законите да формира свои организациони делови во земјата и во странство.

**Член 77**

Вработените во друштвото своите права, обврски и одговорности од работниот однос ги остваруваат во согласност со закон, колективниот договор, правилници и други општи и поединечни правни акти на друштвото.

Вработените за својата работа во друштвото примаат мечен паричен надомест – плата.

Собранието во зависност од постигнатите резултати од работата на предлог на одборот на директори може да ги награди вработените.

**Член 78**

Членовите на одборот на директори и вработените не смеат без известување и претходна согласност од собранието да вршат било какви активности и дејности во друго друштво со ист или сличен предмет на работење, без оглед дали тоа го вршат со или без надомест, за своја или туѓа сметка.

Во случај на повреда на одредбата од ставот 1 на овој член, повлекува постапка за надомест на штета спрема друштвото.

**Член 79**

Друштвото известувањата ги врши согласно закон.

Податоците за кои друштвото има законска обврска ги објавува во Службен весник на Република Македонија.

Согласно потребите на друштвото податоците може да ги објавува и во дневните службени весници.

**Член 80**

Друштвото врши објавување на своите податоци и други акти по пат на својата електронка интернет страна.

Друштвото врши известување и со објавување на актите и известувањата на својата огласна табла.

## XIII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

**Член 81**

Статутот се менува со одлука донесена од Собранието со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

Предлог за измени на статутот може да поднесе Одборот на директори како и акционерите во согласност со одредбите од ЗТД.

**Член 82**

Измените и дополнувањата на Статутот задолжително се пријавуваат во Централниот регистар на Република Македонија.

## XIV. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 83**

Членовите на одборот на директори, вработените, овластените ревизори и други лица кои имаат сознанија за податоци на друштвото, должни се да ги чуваат како деловна тајна како за време на нивниот однос со друштвото така и по завршувањето на заемниот однос со друштвото.

За деловна тајна на друштвото се сметаат особено:

- исправите и податоците кои одборот на директори со посебен акт ќе ги прогласи за тајни (договори, планови, програми, одлуки, и слично);
- податоците кои преставуваат тајна согласно закон, статут или друг акт на друштвото;
- сите податоци кои не се јавно објавени или кои се јавно заштитени;
- податоци кои имаат посебно општествено и економско значење;
- техничко-технолошки решенија, истражувања или идеи;
- план за техничко обезбедување на објектите и имотот;
- определени заштитни знаци и лозинки и слично;

## XV. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**Член 84**

Друштвото може да престане доколку се исполнат условите предвидени во закон и тоа:

1) истекот на времето определено со статутот, ако друштвото било основано на определено време;
2) одлука на Основачите – акционерите;
3) правосилна одлука на судот се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;
4) присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и
5) стечај;

Одборот на директори по донесената одлука за престанување на друштвото, е должен да поднесе пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото.

Ако одлуката за престанување на друштвото ја донел судот, судот, по службена должност, ја доставува до Централниот регистар на Република Македонија кој ја запишува во трговскиот регистар.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 85**

За прашањата кои не се уредени со овој статутот ќе се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 86**

Одредени прашања кои се од интерес за работењето на друштвото дополнително ќе се уредат со општи правни акти (правилници, деловници, упатства и слично).

**Член 87**

Измените на Статутот влегуваат во сила со денот на донесувањето на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на друштвото донесена од Собранието на акционери.

**Скопје, 30.06.2020 година**

**МАК ТРЕНД БРОКЕР АД СКОПЈЕ**

По овластување на Собрание на акционери

Одбор на директори

Претседател

Леонида Трајковска